# **Извештај**

Извештаите се изработуваат по извршување на работните задачи од работниот налог и по извршените ремонти, сервиси на рударските машини и тоа во писмена форма рачно или на компјутер.

Извештаите се средство со кое во пишана форма се остваарува комуникација меѓу оној кој го пишува извештајот и оној кој го чита извештајот.

Извештаите можат да бидат сменски, дневни, месечни и годишни.

Сменските извештаи се пишуваат поради евиденција на извршените работни задачи , количество на ископана руда и откривка како и заради тековно одржување на машините.

Во сменските извештаи за работа се внесуваат податоци за количеството на ископана и откривка изразено во тони или метри кубни на смена.

Сменските извештаи за одржување на машините содржат податоци за поправка и замена на делови, како и за набавка на репроматеријали и резервни делови.

Во дневниот извештај покрај другото се внесуваат податоци за кварови, како што се причина за кварот, име на делови кои се заменети , времетраење на поправката, часови на работна рака за поправката и др.

Дневните извештаи за поправка на кварови се предаваат на надредените .

Месечните и годишните извештаи ги изработуваат одговорни инжинери и во нив се внесуваат податоци за месечното производство , за резултатите од месечните контроли на исправноста и одржувањето на рударските машини, потрошените репроматеријали и работни часови и податоци од извршените поправки и потрошени резервни делови.

Месечните и годишните извештаи се предаваат на надредените во рудникот.

Прашања

- Што претставува извештај?
- Кои се видови на извештаи?
- Што содржат извештаите?

Ако ги одговориш овие прашања си направил извештај за твојата домашна задача.